# **Известување за концентрација со која АГНА – Акционерско друштво, Република Албанија ќе стекна контрола врз МАКО-МАРКЕТ ДОО Скопје Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08-167/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 25.11.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која АГНА – Акционерско друштво со седиште во Ѓирокастер, Врисера, Република Албанија, има намера да стекне единствената контрола врз компанијата Друштво за трговија на големо и мало МАКО-МАРКЕТ ДОО Скопје, со регистрирано седиште во Скопје, на адреса ул. Борис Трајковски бр.288, Република Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

АГНА е приватно акционерско друштво, чии вистински сопственици се физичките лица Васил Наци, Кристо Наци и Коста Сотири, државјани на Република Албанија.

АГНА АД Албанија има претежна дејност трговија на големо и дистрибуција на стоки за широка потрошувачка (FMCG) и тоа прехранбени производи, производи за лична хигиена, производи од тутун, безалкохолни и алкохолни пијалоци.

Како дополнителни дејности се производство и продажба на безалкохолни и алкохолни пијалоци, логистика и транспорт на стоки, како и дејности поврзани со градежништвото, вклучувајќи инвестиции во изградба, купување и продажба на земјиште, туристички комплекси, хотели и слични инфраструктурни проекти. Со своите увозно-извозни операции, мрежа за дистрибуција, логистички капацитети и производствени активности во прехранбениот и алкохолниот сектор, АГНА АД Албанија претставува активен учесник на албанскиот пазар на дистрибуција, трговија и производство на прехранбени и производи за широка потрошувачка.

АГНА АД Албанија е присутна во Република Северна Македонија преку својата подружница АГНА ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 7 - Скопје, целосно во сопственост (100%) на АГНА АД од Албанија.

АГНА ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ се занимава со издавање, управување и инвестирање во недвижен имот. Понатаму, АГНА ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје е единствен сопственик (100% удел) на ПЕВЕЦ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје, друштво активно во секторот градежништво, со фокус на изградба на станбени и други градежни објекти (сеуште во фаза проектна документација).

АГНА и нејзините поврзани субјекти во понатамошниот текст заеднички ќе се нарекуваат **(„АГНА Групација/АГНА“).**

МАКО-МАРКЕТ ДОО Скопје обезбедува услуги на трговија на големо со стоки за широка потрошувачка (храна, пијалоци, кондиторски производи, средства за лична хигиена и средства за чистење), како и производство на кондиторски производи и пуканки. Најголем дел од своите приходи.

МАКО-МАРКЕТ ДОО Скопје ги остварува на домашниот пазар на Република Северна Македонија, со помал сегмент на приходи од извоз на сопствено производство.

МАКО-МАРКЕТ ДОО Скопје е присутно на целата територија на Република Северна Македонија преку логистички центар, производствен погон и развиена дистрибутивна и продажна мрежа, со сопствен продажен тим и сопствена логистичка и дистрибутивна мрежа со сопствени возила, преку кои врши директна дистрибуција до своите купувачи.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како пазар на **трговија на големо со стоки за широка потрошувачка (FMCG) на територијата на Република Северна Македонија.**

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

27.11.2025 година

Скопје